# Применети странски јазици

https://flf.ukim.mk/psj-2023/
https://flf.ukim.mk/applied-foreign-languages/

**Студиската програма Применети странски јазици е тригодишна програма на прв циклус студии (180 кредити) со можност за стекнување двојна диплома.**

Студентите имаат можност да се стекнат со двојна диплома од Универзитетот во Каен, Нормандија, Р. Франција и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Северна Македонија. Притоа, тие што ќе се запишат на програмата со двојна диплома, ќе треба да ја одберат опцијата англиски јазик како прв со француски како втор јазик. Со студиската програма предвидено е студентите последната студиска година да ја завршат на Универзитетот во Каен, Р. Франција.

Оваа интердисциплинарна програма е резултат на Еразмус+ проектот помеѓу Универзитетот во Каен, Нормандија, Р. Франција и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Северна Македонија.

Целта на студиската програма Применети странски јазици е да образува кадар што ќе има напредни знаења од три странски јазици: англиски, германски или француски јазик и италијански јазик, заедно со културите и општествата на соодветните јазици (британската и американската, германската и австриската, француската и канадската, и италијанската), како и основни познавања од областа на економијата, правото, комуникологијата и информациските технологии. Оваа студиска програма е интердисциплинарна и прва од овој тип на прв циклус студии што ќе им овозможи на студентите да се стекнат со компетенции и вештини од повеќе дисциплини, со што ќе бидат компетитивни на пазарот на трудот и ќе можат да одговорат на потребите и барањата на одредени општествени сегменти како што се локалната самоуправа, невладиониот сектор, маркетиншките агенции и проектното менаџирање.

Исто така, самата студиска програма предвидува практика во институциите, со што студентите дополнително ќе се подготват стекнатите знаења да ги применат во пракса и на тој начин ќе можат побрзо и поефикасно да бидат вклучени во процесот на работа.